РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - INSTITUCIONI NACIONAL
МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ
MUZEU I LUFTËS MAQEDONASE PËR PAVARËS
Бр.-Nr. 04-402/5
13.05 20 22 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 14 и 15 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/18, 198/18 и„Службен весник на Република Северна Македонија„143/19 и 14/20), член 76 од Законот за Култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015 и 39/2016, 11/2018 и 11/2018 - Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.196/2007 од 16.1.2008 год., објавена во „Сл. на РМ“ бр. 15/2008), Колективниот договор за култура („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/2020 од 16.01.2020 година и 21/20 од 30.01.2020 година), член 13 став 2 алинеа 7 од Статутот на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје бр. 02-305/6 од 08.06.2015 година, бр.01-172/3 од 12.03.2019 година и бр.02-382/5 од 07.08.2020 година, Правилникот за систематизација на работните места во НУ Музеј на македонската борба за самостојност-Скопје бр. 01-397/2 од 10.08.2020 година, бр. 01-684/1 од 29.12.2020 година, бр. 01-229/1 од 06.05.2021 година, бр.01-302/1 од 03.06.2021 година, бр. 01-425/1 од 14.07.2021 година, бр. 01-805/1 од 16.11.2021 година и бр. 01-963/1 од 29.12.2021 година, одредбите од од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, пријавата за вработување и начинот на спроведување на изборот на работните места бр.01-134/4 од 26.02.2020 година година, а врз основа на Известувањето од Министерството за финансии на РСМ бр.18 -1758/2 од 07.03.2022 година, а согласно Предлогот за избор на кандидат по Јавниот оглас бр. 01/2022, доставен од страна на Комисијата за вработување, формирана за евалуација на кандидатите по овој Оглас, на ден 13.05.2022 година, Директорот на НУ Музеј на македнската борба за самостјонност- Скопје ја донесе следната

# ОДЛУКА

за избор на кандидат за вработување по Јавниот оглас бр. 01/2022

1. Се избира Ана Китановиќ од Скопје, за вработување на неопределено време, по огласот бр. 01/2022, и се стекнува со статус Кустос за Македонија по Втора светска војна , давател на услуги на работно место со шифра КУЛ 03 04 Д03 002.

2. Избраниот кандидат од точка 1 од оваа Одлука, со стекнувањето на статусот Кустос за Македонија по Втора светска војна, давател на услуги, се распоредува да ги извршува работните задачи, согласно актот на систематизација на установата, во Одделението за историја и документација, на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје.

3. За пресметување на месечната плата на избраниот кандидат се утврдува:

а) коефициент на сложеност 1.991, со основна бруто плата во месечен износ од 52.606,00 денари, од кој со пресметка (придонеси, персонален данок и други одбитоци) се утврдува месечен основен нето износ од вкупно 34.968,00 денари, како плата на именуваната.

б) месечната плата на именуваниот/ата се зголемува за 0,5% за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20% .

4. Одлуката за избор се доставува до кандидатите и се објавува на веб страницата и на огласната табла на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје.

5. По конечноста на оваа Одлука за избор на кандидат за вработување по Јавниот оглас бр. 01/2022, Директорот на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје ќе донесе Решение за вработување на избраниот кандидат и со истиот ќе биде склучен договор за вработување.

Образложение

НУМузеј на македонската борба за самостојност- Скопје, согласно Годишниот план за вработување за 2022 година и Е-балансерот во прилог, за кои е дадена согласност од страна на Министерството за култура и Министерството за информатичко општество и администрација на РСМ, доби Согласност за средства за вработување за едно лице, на позиција, како во диспозитивот, од Министерството за финансии на РСМ.
Во врска со тоа, установата донесе Одлука за објавување на јавен оглас, кој беше објавен во три печатени јавни гласила и на веб страната на установата.
По објавувањето на огласот, врабониот задолжен за спроведување на прописи и постапки за управување со човечки ресурси, завери пополнет образец на Пријава за потреба од работник, во АВРМ.
Со цел да се спроведе постапката за вработување, установата формираше Комисија за конкретното вработување, која ги изврши сите потребни дејствија, согласно актот на формирање и Правилникот за оценување на кандидатите, кои би аплицирале со пријава, која е дел од самиот оглас.
Штом ги изврши сите задачи, Комисијата, заедно со целокупната документација од нејзината работа согласно актите за постапување во постапка за вработување, на Директорот на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје, му достави предлог за избор на кандидат за вработување по огласот бр. 01/2022 по што се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа Одлука може да се поднесе Жалба до Управниот одбор на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Одлуката.

Доставено до:
- Избраниот кандидат
- Правна служба
- Огласна табла и веб страница
- Архива
- Човечки ресурси

Подготвил:
Маја Алексоска

Помлад соработник за човечки ресурси

Даниела Николова
Директор

Република Северна Македонија • Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ
INSTITUCIONI NACIONAL MUZEU I LUFTËS MAQEDONASE PËR PAVARËSI
Скопје - Shkup